# ГРАФОМЕТРИКС

Година 1, Број 1

ГРАФОМЕТРИКС е редовна публикација на Finance Think што содржи важни тековни информации за домашната, регионалната и светската економија претставени низ графички прикази.

## ФОКУС

- Според Извештајот за конкурентност во патување и туризам, во 2013 година Македонија е на 75. место од 140 земји и во споредба со 2011 година има подобрување за едно место.
- Според Индексот за човековиот развој пресметан од УНДП, Македонија е рангирана на 78. место од 187 земји.
- Според податоците на Државниот завод за статистика:
  - Раководителите ја оценуваат економската состојба на деловните субјекти во јануари 2013 година како поповолна во однос на претходниот месец, а како понеповолна во однос на јануари 2012 година.
  - Во четвртото тримесечје од 2012 година, стапката на слободни работни места изнесува 1.23%.
  - Стапката на раст на бруто-домашниот производ (БДП) за четвртото тримесечје од 2012 година изнесува 0.2%. Стапката на раст на БДП за 2012 година е негативна и изнесува 0.3%.
  - Стапката на невработеност во четвртото тримесечје од 2012 година изнесува 30.6%.

Finance Think е непрофитна асоцијација за економско истражување, застапување и донесување економски политики.

**Нашата Визија**

Да поттикнеме економско размислување за подобра благосостојба утре.

**Нашата Мисија**

Да ја намалиме сиромаштијата, да ги зајакнеме макро-финансиските политики и да ја унапредиме финансиската стабилност преку економски истражувања, советување и препораки за економските политики и поттикнување критичка дебата за економските процеси.

Ул. Железничка 50/3, 1000 Скопје

+389 2 6147 630
www.financethink.mk
info@financethink.mk

# Графкони на месецот за Македонија и регионот

**Раст на нефункционални во однос на вкупни кредити во Македонија**




*Извор: НБРМ, калкулација на "Finance Think"*

Нефункционалните кредити во Македонија беа во константен пад од нивоа над 30% од вкупните кредити, па до историскиот минимум од 6.5% во октомври 2008. Кризата повторно го поттикна нивниот раст, доведувајќи ги до 11.7% во февруари 2013, што е исто ниво со септември 2006. Но, сега загрижувачки е нивниот раст кој изнесува 24.6% на годишно ниво.

**Раст на приватни кредити во Македонија**




*Извор: НБРМ, калкулација на "Finance Think"*

После историскиот максимум од 44.1% во мај 2008, кредитниот раст сега повторно забавува и се преполови за една година, од 9% во јануари 2012, на 4.8% во февруари 2012.

**Нефункционални кредити и адекватност на капиталот во селектирани земји од Централна и Југоисточна Европа во 2012 година**




*Извор: ММФ, калкулација на "Finance Think"*

Банкарските системи во Централна и Југоисточна Европа се соочуваат со високи стапки на нефункцинални кредити во вкупни кредити. Украина, Литванија, Романија, Унгарија и Словенија се земји со највисока стапка на нефункционални кредити на ниво на цел банкарски систем. Од друга страна, капиталот потребен за ризичната актива е најнизок во Словенија и блиску до бараниот минимум од 8%.

# Графкони на месецот за светот




На 25 март Кипар се согласи да добие финансиска помош од Европската Централна Банка, ММФ и Европската Комисија. Во текот на три години, ова е петта спасувачка операција од Еврозоната. Иако финансиската помош изнесува 10 милијарди евра и е далеку помала од финансиската помош во останатите земји, за да ги добие финансиските средства Кипар треба да воведе данок на штедачите кои имаат депозити над 100.000 евра.




Според извештајот на реосигурителната компанија "Swiss Re", износот на осигурените загуби во 2012 година надмина 77 милијарди долари, правејќи ја трета најскапа година од 1970. Најголемо учество има ураганот Сенди во Америка со 35 милијарди долари. Иако Северна Америка имаше највисоки загуби во долари, Азија претрпе најмногу жртви. Од 14.000 луѓе кои загинаа во природни и вештачки катастрофи минатата година, повеќе од половината беа во Азија.

# Графкони на месецот за светот




- Графиконот дава преглед на БДП, салдото на тековната сметка и државниот долг на економиите на БРИКС (Бразил, Русија, Индија, Кина и Јужна Африка) во изминатите 10 години.
- Учеството на економиите на БРИКС во светскиот БДП се зголеми на 26.5 проценти во 2012 година од само 16.4 проценти во 2000 година. Всушност, зголемувањето на БДП на БРИКС според паритетот на куповната моќ во текот на последната деценија беше дури и поголемо од растот на БДП на еврозоната во 2012 година.
- Во месец март, лидерите на БРИКС нациите се состанаа во Јужна Африка и објавија дека ќе воспостават банка за развој за финансирање петгодишни инфраструктурни инвестиции и планови за финансиска резерва.

# Инфографикон на месецот




- На земјата живеат над 7 милијарди жители. Една четвртина од нив живеат без електрична енергија, додека скоро половина живеат со помалку од 2.5 долари на ден. Значителна е и бројката на оние кои живеат без покрив над главата (640 милиони), без вода (400 милиони) и без здравствена заштита (270 милиони). Во светот живеат околу две милијарди деца, од кои една милијарда живеат во сиромаштија, а секојдневно умираат помеѓу 26.500 и 30.000 деца. Најсиромашните 40% располагаат со само 5% од светскиот доход.
- Намалувањето на сиромаштијата е најприоритетна цел во светот. Во рамки на оваа цел се развиени осум Милениумски Развојни Цели, и тоа:
    - Намалување на екстремна сиромаштија и глад;
    - Стекнување основно образование;
    - Промовирање родова еднаквост и поттикнување на жената;
    - Намалување на смртноста кај децата;
    - Подобрување на здравјето кај трудниците;
    - Борба против сида/ХИВ, маларија и други болести;
    - Обезбедување еколошка одржливост;
    - Глобално партнерство за развој.

  Целниот датум за целосно остварување на овие цели е 2015 година.